

Серија 3, Број 18 декември 2022

# ВЕСТИ ЗА БОРБАТА ПРОТИВ ТЕРОРИЗМОТ

ЗА И ВО ВРСКА СО БАЛКАНОТ

## ВО ОВА ИЗДАНИЕ

**Вести и информации во врска со борбата против тероризмот - 1**

**Џо Балдвин го презема местото на постојан правен советник за борба против тероризам на програмата ОПДАТ за Албанија, Косово и Северна Македонија - 2**

**Во Косово подигнато обвинение против странски терористички борец повратник, поради тероризам и вршење регрутација - 2**

**Според еден нов извештај, користењето на криптовалутите и понатаму е на високо ниво - 2**

**Извештај на Универзитетот Џорџ Вашингтон: Поддржувачите на Исламската држава го одржуваат виртуелниот калифат преку адаптација и иновации – 3**

## Вести за борбата против тероризмот и ажурирање на информациите и поврзување на нашите партнери во регионот

***Министерство за правда на САД, Канцеларија за развој, помош и обука на обвинителствата во странските држави (ОПДАТ), во партнерство со Бирото за борба против тероризам при МНР на САД***

Во овој број, Ви го претставуваме Џозеф Болдвин, новиот постојан правен советник за борба против тероризмот на ОПДАТ програмата со седиште во Тирана. Од настаните на Балканот, Косово неодамна подигна обвинение против последниот странски терористички борец вратен во Косово оваа година. Ви даваме и преглед на степенот на користење на криптовалутите низ светот, изработен од страна на *Chainalysis,* а Ве запознаваме и со наодите на Универзитетот Џорџ Вашингтон за онлајн методите и мрежите што ги користат поддржувачите на тероризмот за потребите на ширење на нивната пропаганда.

Том Саундерс
Постојан правен советник на ОПДАТ за борба против тероризмот на Балканот
ОПДАТ/МПСАД
Амбасада на САД во Сараево
SaundersTN@state.gov

Џо Болдвин
Постојан правен советник на ОПДАТ за борба против тероризмот на Балканот
ОПДАТ/МПСАД
Амбасада на САД во Тирана
BaldwinJR@state.gov

Јасенка Феризовиќ
Правен советник
ОПДАТ/МПСАД
Амбасада на САД во Сараево
FerizovicJ@state.gov

Бледар Башановиќ
Правен специјалист
ОПДАТ/МПСАД
Амбасада на САД во Тирана
BashanoviqB@state.gov

# Џо Балдвин го презема местото на постојан правен советник за борба против тероризам на програмата ОПДАТ за Албанија, Косово и Северна Македонија



Задоволство ни е да објавиме дека на 5 декември, Џо Болдвин започна да работи како нов постојан правен советник за борба против тероризмот со седиште во Тирана, Албанија, во рамки на Канцеларијата за развој, помош и обука на странските јавни обвинителства (ОПДАТ) при Министерството за правда на САД. Тој ќе биде одговорен за градење на капацитетите за борба против тероризам, менторство за поединечни случаи и давање законодавна помош во Албанија, Косово и Северна Македонија. Тој блиску ќе соработува со постојаниот правен советник за борба против тероризам на програмата ОПДАТ во Сараево, како и со американското Министерство за домашна безбедност и Меѓународната програма за помош и обуки за криминалистички истраги (ИЦИТАП) при Министерството за правда на САД. Пред да биде назначен на оваа позиција, Џо има работено како јавен обвинител на САД за округот Мериленд, каде што има работено на широк спектар на предмети за различни кривични дела, вклучувајќи и незаконски извоз на огнено оружје, финансиски криминал и организиран криминал. Џо бил главен застапник на обвиненијата во голем број судски процеси со порота. Претходно во својата кариера, Џо работел во државното јавно правобранителство. Тој ги застапувал Соединетите држави во различни граѓански постапки, вклучително и по тужби за надомест на штета, работни спорови и во случаи поврзани со слободата на информирање. Додека работел како приватен адвокат, тој застапувал технолошки компании во постапки за регистрација на патенти и во трговски судски спорови, во врска со интеграцијата на различни технологии кои подоцна се користеа во паметните телефони. Пред дипломирањето на правниот факултет, Џо служел во морнарицата на Соединетите држави како офицер за површинско делување, на разорувач со наведувани проектили. Тој поседува дипломи од Поморската академија на Соединетите држави, Универзитетот на Мериленд и Правниот факултет при Универзитетот на Вирџинија. Заедно со сопругата, тој ќе живее и работи во Тирана, Албанија.

## Во Косово подигнато обвинение против странски терористички борец повратник, поради тероризам и вршење регрутација

На 25 октомври 2022 година, Одделот за борба против тероризам при Специјалното обвинителство на Косово подигна обвинение против Илбер Бела, за учество во терористичка организација и вршење регрутација. Бела бил вратен во земјата кон крајот на месец мај оваа година, како дел од заедничката акција за репатријација спроведена од Косово и Албанија, со помош од САД.

Според обвинението, во 2013 година, за себе и за уште еден соборец, Бела организирал патување во Сирија, каде што тие се приклучиле на редовите на Џабхат ал Нусра и ИСИС. Под псевдонимот „Абу Хамза ал-Косови“, тој бил пријавен за обука за користење оружје во времетраење од три недели, пред директно да се вклучи во различни воени акции на ИСИС. Со помош од американските власти во делот на собирање на неопходните докази, обвинителството обезбеди материјални докази и сведочења од соборците на обвинетиот, кои покажуваат дека тој бил запишан како борец во регистарот на странски терористички борци на ИСИС. Доказите покажуваат дека Бела учествувал во терористичките активности на ИСИС, сé до падот на таканаречениот Исламски калифат.

Правниот советник за борба против тероризам при програмата ОПДАТ на Министерството за правда на САД, помагаше во размената на докази од бојното поле за овој случај, преку различни канали за взаемна правна помош помеѓу надлежните органи во САД и Косово.

*Обвинителниот акт претставува само збир на наводни обвиненија. Секое лице обвинето за какво било кривично дело се смета за невино, сè додека не се докаже неговата или нејзината вина пред надлежен суд.*

**Извор:** Специјално јавно обвинителство на Косово

## Според најновиот извештај, користењето на криптовалути и понатаму е на високо ниво

Според најновиот извештај на *Chainalysis,* и понатаму многу се инвестира во криптовалути и покрај постојаната неодамнешна нестабилност на нивните цени.

*Chainalysis* е американска фирма која продава софтвер за нудење помош во анализата на блокчејн трансакциите и известува за трендовите поврзани со криптовалутите низ целиот свет. Оваа година, *Chainalysis* го објави својот трет годишен извештај за Глобалниот индекс на усвојување на криптовалутите, каде се рангирани 146 земји, врз основа на степенот до кој криптовалутите се прифаќаат на најосновните нивоа. Наместо земјите да ги рангира според вкупниот обем на трансакции, извештајот се прилагодува кон бројот на населението и богатството на секоја земја, за да утврди во кои држави луѓето вложуваат најголем дел од своите пари во криптовалути.

Во извештајот на *Chainalysis* директно не се говори за финансирањето на тероризмот, но, заклучоците на извештајот би требало да го привлечат вниманието на истражителите и обвинителите кои работат на случаи на тероризам. Криптовалутите и понатаму претставуваат примамлив медиум за криминалците од секаков вид, за чување и пренос на остварените незаконски приходи, особено во земјите со полабави законски рамки, каде истражителите не ги следат таквите трансакции.

Според извештајот, глобалната крива на прифаќање и употреба на криптовалутите од неодамна започна да се израмнува. Нивната употреба беше во постојан раст од средината на 2019 година, а историскиот максимум беше достигнат во второто тромесечје на 2021 година. Од тој врв, употреба на криптовалутите понатаму се движеше нагоре и надолу во бранови, меѓутоа, глобалната прифатеност и

понатаму остана далеку над нивото од пред 2019 година. Многу од потрошувачите и инвеститорите, кои започнаа да користат криптовалути во 2020 и 2021 година, инвестираат и понатаму во нив, и покрај тоа што нивните цени станаа помалку стабилни.

Во својата анализа, извештајот ги групира балканските држави заедно со другите земји од Западна Европа и, само од извештајот, тешко е да се извлечат заклучоци, кои би се однесувале конкретно само за балканскиот регион. За споредба, извештајот проценува дека речиси 20% од целата вредност на криптовалутите што циркулираат низ Источна Европа, се поврзани со некои ризични или недозволени активности, односно повеќе од кој било друг регион.

Многу од балканските држави се рангирани ниско во однос на усвојувањето и користењето криптовалути, но, релативно високо во однос на користењето на таканаречената „*peer-to-peer*" размена на криптовалути. На пример, Албанија е рангирана на 96-то место во однос на вкупното усвојување и користење, но, на 49-тото место во обемот на „*peer-to-peer*" размена. Босна и Херцеговина е вкупно рангирана на 115-то место, а на 65-тото место во однос на обемот на „*peer-to-peer*" размена. Ова посочува дека истражителите за тероризам треба да се запознаат со различните *peer-to-peer* менувачници и како тие функционираат.

Бугарија и Србија се две од највисоко рангираните земји во регионот во однос на севкупното прифаќање и употреба на криптовалутите и се наоѓаат на 48 и 59 место од вкупно 146 земји.

Пазарите во развој доминираат со глобалниот индекс на прифаќање на криптовалутите. Меѓу 20-те најдобро рангирани земји, 10 се земји кои според индексот на Светската банка, се категоризирани како земји со „низок-среден приход". Во оваа група спаѓаат: Виетнам, Филипини, Украина, Индија, Пакистан, Нигерија, Мароко, Непал, Кенија и Индонезија.

Во извештајот се посочува дека корисниците на криптовалутите во земјите со пониско средно и високо средно ниво на приходи, често се потпираат на криптовалутите како средство за „испраќање пари дома преку дознаки, за зачувување на своите заштеди во време на нестабилност на редовните валути и за исполнување на другите финансиски потреби, кои се специфични за нивните економии".

Програмата ОПДАТ соработуваше со *Chainalysis* во минатото, за да обезбеди специфична анализа на прифаќањето и користењето на криптовалутите во секоја поединечна земја. Обвинителите и истражителите кои се заинтересирани да дознаат повеќе од *Chainalysis*, можат да контактираат со својот постојан правен советник на ОПДАТ програмата, со цел, да разговараат за евентуалните идни програмски активности во оваа сфера.

**Извор:** *Chainalysis* Извештај за географијата на криптовалутите за 2022 година

## Извештај на Универзитетот Џорџ Вашингтон: Поддржувачите на ИД го одржуваат виртуелниот калифат преку адаптација и иновации

Во месец септември, Програмата за екстремизам на Универзитетот Џорџ Вашингтон објави извештај, во кој се анализираат напорите на поддржувачите на Исламската држава (ИД) да го задржат своето онлајн присуство на различни платформи и да го обезбедат опстанокот на „виртуелниот Калифат", по падот на ИД во 2019 г.

Според извештајот, историјата на „виртуелниот Калифат" започнала на Твитер во 2013 и 2014 година, кога приврзаниците на ИД креирале голем број профили, кои биле користени за ширење пропаганда, регрутирање нови членови, внатрешна комуникација и поттикнување напади надвор од територијата под контрола на ИД. Откако Твитер изврши масовно бришење на профили наклонети кон ИД во 2015 година, поддржувачите на ИД се префрлија на апликацијата Телеграм. Тие продолжија непрекинато да работат преку Телеграм до 2018 и 2019 година, кога Европол и Телеграм извршија две операции, кои резултираа со значително нарушување на активностите на ИД на оваа платформа и доведоа до „понатамошна децентрализација на мрежите кои работат во полза на ИД, додека поддржувачите бараа нови решенија преку употреба на сè понови и непознати апликации." И покрај значителното намалување на просторот што ИД може да го користи на Телеграм и обидите на поддржувачите да го истражуваат евентуалното користење на други платформи, во извештајот се забележува дека Телеграм и понатаму останува важна основа за работа на онлајн мрежите што нудат поддршка за ИД, првенствено поради карактеристиките на приватност на приватните групи на Телеграм, кои им оневозможуваат дури и на модераторите на сметките да ја гледаат содржината која се споделува во групите.

Во извештајот се посочува дека, без оглед на тоа која платформа ја користат, поддржувачите на ИД ги користат онлајн комуникациите за три цели: создавање, поврзување и измамување.

**Создавање**

Обезбедувањето континуирано производство на содржини во полза на ИД, е од суштинско значење за одржување на виртуелните екосистеми за поддршка на ИД. Пропагандните материјали на ИД, како што се нивните официјални вести, списанија и видео изданија, ги создаваат независни „креатори на содржина" и потоа се преведуваат на неколку јазици од неофицијални преведувачки групи: „Внатрешното функционирање на овој тип изворни проекти може да се одвива на индивидуално ниво, како и преку помали приватни разговори на Телеграм, каде што од неколку „лидерски" профили се обезбедуваат упатства и насоки за другите во групата, преку одредување на специфични задачи". Поддржувачите на ИД, исто така, создаваат простор за чување дигитални материјали и ИД содржини, со цел, да се олесни ширењето пропаганда и други ресурси (како што се на пример упатствата за подобрување на безбедноста на Интернет, производство на експлозиви

итн.) до пошироката публика. Според извештајот, создавањето материјали за потребите на ИД оди и подалеку од виртуелните средини и вклучува производство и на физички стоки и предмети, како на пример облека со ИД тематика и рачно изработени уметнички дела поврзани со ИД за нејзините обожаватели.

### Поврзување

Друга важна цел за поддржувачите на ИД, е да обезбедат безбедно одржување и раст на нивните мрежи. Извештајот забележува дека, во зависност од платформата, тие користат различни стратегии за да ја остварат оваа цел. На пример, поседувањето резервни сметки и меѓусебното споделување на податоците и информациите за индивидуалните сметки и профили, за комуникациските канали на ИД и за групните разговори, во случај примарните сметки да бидат забранети, стана нивен главен одговор и реакција на напорите за нивно попречување на апликацијата Телеграм и сличните платформи. На Фејсбук и Твитер, поддржувачите на ИД ги користат специфичните функции на овие социјални мрежи, како што е на пример таканареченото „означување“, за потребите на споделување пораки и содржини, како и за меѓусебно поврзување на корисниците што ја поддржуваат ИД.

### Измамување

За да се избегне контрола на содржината, поддржувачите на ИС вложуваат многу напор во прикривање на нивната онлајн активност и примената на контрамерки. Според извештајот, нивните тактики ги приспособуваат на природата на платформата и нивните содржини ги прикриваат со текстуални, визуелни и измами поврзани со сметките. На пример, на главните платформи како Фејсбук, Твитер и ТикТок, поддржувачите на ИД се обидуваат да го попречат откривањето преку вештачката интелигенција, така што ги замаглуваат или менуваат на друг начин нивните слики. Слично, тие го менуваат растојанието меѓу зборовите или буквите во текстот, користат еуфемизми, кодни зборови, нејасен јазик, па дури и емотикони, во полза на ИД, со цел, да ги избегнат алгоритмите на вештачката интелигенција. Кога станува збор за прикривање на онлајн сметки или веб страни, меѓу идентификуваните тактики што се користат се и поставувањето профили во „приватен режим“, за да се спречи надворешен неовластен пристап, криење на списокот на пријатели на Фејсбук, за да се спречи следење преку мрежата, создавање канали исклучиво за споделување врски преку Телеграм, создавање исти веб страни на темниот Интернет, за дистрибуција на ажурирани URL адреси, доколку тековната страница биде отстранета итн.

Според извештајот, и покрај сите неуспеси, поддржувачите на ИД продолжуваат да вложуваат огромни напори за да го задржат своето онлајн присуство и да најдат начини за дополнително проширување на нивниот дофат. Работењето во рамката на пристапот „создади, поврзи и измами“, се покажа како клучно за опстанокот на онлајн екосистемот на ИД: „Следејќи ги овие цели, поддржувачите на ИД ја одржуваат својата отпорност и присуството на Интернет, со што се обидуваат да ги издржат и прифатат загубите на ИД во реалниот свет и бројните кампањи за намалување на присуството на ИД на Интернет“.

**Извор:** Мили Кризис: Создади, поврзи и измами: Одржување на виртуелниот калифат од страна на поддржувачите на Исламската држава преку адаптација и иновација